# КОНЕЧНО Е СКРОЕН МАКЕДОНСКИОТ БУЏЕТ ЗА ИДНАТА ГОДИНА

**Буџетот за 2008 година, кој досега е најголем од осамостојувањето на Македонија, изнесува 2 милијарди и 183 милиони евра.**

Пишува: **Арсен КОЛЕВСКИ**



## ДАНОЦИТЕ И НАТАМУ НАЈГОЛЕМ "ИЗВОР" НА ПАРИ

**ДОСЕГА СЕ ВЕЛЕШЕ БЕЗ ЛЕБ НЕ СЕ МОЖЕ, НО СО ОВИЕ ЦЕНИ ОТСЕГА...**



**ДАЛИ ОД ДЕНАРИТЕ ЌЕ ИМА ЗА СИТЕ ЌЕ СЕ ЗНАЕ ПО НОВА ГОДИНА**

Министерството за финансии го скрои Буџетот за 2008 година, досега најголем од осамостојувањето на земјава. Изнесува 2 милијарди и 183 милиони евра или за 162 милиона евра повеќе од годинашниот. В година државниот Буџет ќе тежи 126 милијарди денари во приходи, додека за расходи се предвидени 132 милијарди денари. Разликата, односно буџетскиот дефицит изнесува 1,5 проценти од бруто домашниот производ и ќе се финансира стандардно, со задолжување и со емисија на државни записи.

Државната каса, во најголем дел - дури 84 отсто, ќе се полни од даноците и од придонесите. Во макроекономските проекции Владата предвидува пораст на економијата за 6-7 отсто. Инфлацијата е проектирана на 3 проценти, а се предвидува за 4 проценти да се зголемат вработеноста и продуктивноста.

Од буџетските пари 242 милиона евра се предвидени за реализација на владините програми. Најголем дел од нив, дури 55 отсто, се за денационализација. За економски развој ќе одат 11 отсто, а за намалување на сиромаштијата 2 отсто. Реформите во пензискиот систем опфаќаат 16 отсто, во катастарот 1,84 проценти, реформите во здравството околу 1 отсто, а во образованието 2 проценти.

Како што неодамна најави владиниот економски тим, за изградба на патишта, што е еден од инфраструктурните приоритети, најверојатно ќе се издаде еврообврзница.

Прв пат во постоењето на македонската држава Буџетот за 2008 година министерот за финансии, Трајко Славески, лично му го предаде на претседателот на Собранието на РМ, Љубиша Георгиевски. Досега практика беше скроениот Буџет да се испрати по пошта до собраниските служби. Како и да е, буџетот влезе во собраниска процедура.

